**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА**

# К О Н К У Р С

**За запишување студенти на прв и втор циклус на студии на студиските програми на Меѓународниот универзитет во Струга во академската 2026/2027 година**

**СТРУГА**
**АВГУСТ, 2026**

Врз основа на член 103 и член 149 од Законот за високото образование (Сл.весник на Република С.Македонија бр.82/18), како и член 142 од Статутот на Меѓународниот универзитет во Струга, Ректорската управа на Меѓународниот универзитет во Струга на седницата одржана на 10.08.2026 донесе одлука за објавување на конкурс за запишување на студенти на прв и втор циклус на студии. Врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и одлуката од седницата на Ректорската управа на Универзитетот за определување на бројот на студентите за запишување на прв и втор циклус на студии во академската 2026/2027 година се предлага следниот број на студенти:

## I. ПРВ ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ (240 ЕКТС) НИВО VI А

### 1. Број на студенти за академската 2026/2027 година

| Редовни студии на Македонска диплома | Јазик на студии | | | | Место на студии | Цена на студии по семестар | Редовни студии на двојна (Американска) диплома |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | АЛБ | МАК | АНГ | | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ** | | | | | | | |
| **Криминалистика и детективи** | **160** | | | | **СУ; ГВ** | **500-2400 евра** | **15** |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ** | | | | | | | |
| **Економија и бизнис** | **160** | | | | **СУ; ГВ** | **500-2400 евра** | **15** |

*Согласно член 144 став 7 од Законот за високото образование (Сл.Весник на РСМ. бр. 82/18), наставата за најмалку 2 студиски програми за прв циклус на академски и стручни студии задолжително се изведува и полага на англиски јазик. Според тоа, на студиските програми по Финансии и Маркетинг на Факултетот за Економски науки и Компјутерски Нуки на Факултетот за Информатичка Технологија, по 20 студенти ќе можат да следат и полагаат настава на англиски јазик.

## I. Услови и критериуми за запишување

Универзитетот ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за запишување на студиите.
На прв циклус академски студии може да се запише лице кое положило државна матура (општа или стручна) или меѓународна матура или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.
Право на запишување имаат и кандидатите кои завршиле средно образование пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура, како и кандидатите кои завршиле средно образование во учебната 2019/2020 година и не полагале државна матура поради COVID пандемијата.
Право на запишување на додипломски студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование или образование соодветно на тоа, како и кандидати кои своето средно образование го завршиле надвор од Р. Северна Македонија.
Студентите странски државјани се запишуваат на студии на приватните високообразовни установи под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија и плаќаат школарина во висина утврдена од страна на универзитетот.

Кандидатите се запишуваат како редовни или како вонредни студенти со финансирање на студиите.
На единиците на Универзитетот како **вонредни студенти** можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат засновано работен однос, како и кандидати коишто од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.
За оправдани причини од претходниот став се сметаат:
- инвалид кој не е во состојба да следи редовна настава
- потешка долготрајна болест
- родител на дете додека трае породилното отсуство
- мајки со деца до шест годишна возраст.

## II. Познавање на јазици

Кандидатите ќе бидат тестирани за нивните знаења за степенот на познавање на англискиот јазик. Ова тестирање нема елиминаторен карактер, но е потребно само за одредување на степенот на познавање на англискиот јазик.

## III. Рокови за пријавување

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ - 2026/27 Г. - | I УПИСЕН РОК | II УПИСЕН РОК |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **17.08.2026 - 31.08.2026** | **14.09.2026 – 28.09.2026** |
| Запишување на кандидатите | **07.09.2026 и 08.09.2026** | **30.09.2026** |

## IV. Документи за пријавување и запишување

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите за додипломски студии ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување ( апликација)
2. оригинални свидетелства од сите класови (или нотарски заверени копии)
3. свидетелство за завршено средно образование (или нотарски заверена копија)
4. доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение)
5. две слики (големина за пасош)
6. *за студентите кои доаѓаат надвор од РСМ, копија од пасош
7. за вонредните студенти - копија од Образец М1 и М2 заверена на нотар или лекарско уверение за причините (издадено од соодветна здравствена установа), доказ дека е родител на дете за кое сеуште трае правото на породилно отсуство или доказ дека е мајка на дете до шест годишна возраст.

## V. Финансирање на студиите

Школарината за една студиска година за студентите на додипломски и последипломски стдудии изнесува од 500 - 2400 евра.
*Студентите кои се запишуваат согласно овој конкурс, автоматски ги прифаќаат сите академски и финансиски услови наведени во истиот.

**VI.** Студиите од прв циклус се во траење од 4 години, односно 8 семестри.

## На Меѓународниот Универзитет во Струга во академската 2026/2027 година може да се изврши трансфер и упис на студенти на сите факултети:

• **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ**, на насоките:
- Криминалистика и детективи - 80 студенти

• **ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ** на насоките:
- Економија и бизнис - 80 студенти

## 1.Пропишани услови за трансфер на студентите на МУС:

**А. Интерен трансфер – Студенти со статус на студент на МУС:**

**1.** За интерен трансфер на постоечките академски едници на МУС, имаат право сите студенти кои имаат статус на студенти на МУС.

**Б. Екстерен трансфер – За кандидати кои не се студенти на МУС:**

**1.** Трансфер од други високообразовни институции во Р.Северна Македонија и странство, на една од постоечките академски единици на МУС, имаат право сите студенти што запишале (најмалку една академска година) или дипломирале на Универзитетот од кој доаѓаат.

2. Студентот може да изврши трансфер на еден од постоечките факултети или центри, во иста или слична студиска програма или насока со факултетите и студиските програми на МУС.

3. Студентите кои ќе се запишат со трансфер на студии треба да достават доказ за положени испити од претходната високообразовна установа.

## 2.На МУС можат да се запишат и кандидати кои имаат завршено Виша школа или слично.

**1.** Нивниот трансфер се врши врз основа на истоветноста или сличноста на дадените испити и студиски програми од претходното образование.

Кандидатите кои ќе извршат трансфер на МУС, се запишуваат како студенти со статус на студирање – самофинансирање.

## 3.Роковите за аплицирање за трансфер и упис на студентите се следни:

| **РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ - 2026/27 Г. -** | **I УПИСЕН РОК** | **II УПИСЕН РОК** |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **01.06. – 30.06.2026** | **17.08 – 28.08.2026** |
| Запишување на кандидатите | **03.07.2026** | **04.09.2026** |

## 4.Потребна документација за Апликација и упис:

- Апликација (која може да се обезбеди во одделот за Студентски прашања на МУС или на официјалната веб страна на МУС www.iust.edu.mk
- Извод од оценките или индексот од Матичниот Универзитет;
- CV (кратка биографија) во форма на есеј;
- Оригинални свидетелства и диплома (или копии заверени на нотар) за завршено претходно образование
- Извод на родените и Уверение за државјанство
- Две фотографии (4x5)

## На втор циклус на студии во академската 2026/2027 година студентите можат да се запишат на следните студии:

### ВТОР ЦИКЛУС НА АКАДЕМСКИ СТУДИИ - ЕДНОГОДИШНИ СТУДИИ (60 ЕКТС) - НИВО VII A

На втор циклус на академски студии - постдипломски студии во академската 2026/2027 година можат да се запишат студенти на следните факултети и студиски програми:

• ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ, на студиската програма:

- Криминалистика и детективи - 80 студенти

• ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ на студиската програма:

- Економија и бизнис - 80 студенти

Постдипломските студии траат една студиска година (два семестри). На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

**Рокови за пријавување**

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ - 2026/27 Г. - | I УПИСЕН РОК | II УПИСЕН РОК |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **21.09.2026 - 30.09.2026** | **19.10.2026 – 30.10.2026** |
| Запишување на кандидатите | **05.10.2026 и 06.10.2026** | **05.11.2026 и 06.11.2026** |

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите за последипломски студии ги поднесуваат следниве документи:
1. пријава за запишување (апликација)
2. оригинално уверение за завршени додипломски студии (или копија заверена на нотар) 3. CV и потврда за практична настава
4. доказ за државјанство на Република Северна Македонија (уверение или решение) 5. две слики (големина за пасош)

* * *

Кандидатите кои конкурираат за запишување, потребните документи ги доставуваат на следната адреса:
Меѓународен Универзитет во Струга
Нас. Езерски Лозја бр, 1
6330 Струга, РСМ

***** Согласно член 144 став 7 од Законот за високото образование (Сл.Весник на РСМ. бр. 82/18), наставата за најмалку 2 студиски програми за втор циклус на академски и стручни студии задолжително се изведува и полага на англиски јазик. Според тоа, на студиските програми по Јавна Администрација на Факултетот за Правни науки и Маркетинг и Финансиски менаџмент на Факултетот за Економски науки, по 10 студенти (на секоја студиска програма) ќе можат да следат и полагаат настава на англиски

* * *

**Конкурост ќе биде објавен на интернет-страницата:**
**http://www.iust.edu.mk**